Australian Government | myagedcare

Macedonian | Македонски



# Чекори за прием во дом за згрижување на постари лица

ноември 2025

Со исклучок на грбот на Комонвелтот и каде што е поинаку наведено, целиот материјал во овој документ е достапен под лиценцата на Creative Commons Attributions 4.0 International **(CreativeCommons.org/Licenses/By/4.0/)**.

Деталите за соодветните услови за лиценцата се достапни на веб-страницата на Creative Commons, преку дадените линкови, каде може да се најде и целосниот правен текст за меѓународната лиценца CC BY 4.0 International **(CreativeCommons.org/Licenses/By/4.0/LegalCode).**

Документот мора да се наведе како публикација на Министерство за здравство, попреченост и стареење (Department of Health, Disability and Ageing).

*Чекори за прием во дом за згрижување на постари лица*

## Контактирајте нè

Прашања во врска со лиценцата и каква било употреба на овој документ се добредојдени преку имејл на **Communication.AgedCare@health.gov.au**.

Овој материјал можете да го најдете на веб-страницата **MyAgedCare.gov.au**.

Оваа брошура е наменета да ви помогне вам, на вашето семејство или на вашите пријатели да донесете важни одлуки во врска со вашата нега. Таа содржи голем број корисни информации, но вие можеби би сакале повеќе да истражите за да ви помогне да донесете некоја одлука.

Информациите се актуелни од ноември 2025 година.

# Дали оваа брошура е соодветна за вас?

Оваа брошура ви објаснува како постарите лица можат да добиваат нега во дом за згрижување на постари лица, како изгледа процесот на преселување во дом за згрижување на постари лица и што да очекувате кога ќе бидете таму.

Оваа брошура треба да ја прочитате ако службеник за проценка на потребата од нега за постари лица (aged care assessor) оценил дека исполнувате услови за нега во дом за згрижување на постари лица.

Можете исто така да пристапите до брошури за другите видови поддршка за нега на постари лица наведени подолу на **MyAgedCare.gov.au/Resources**.



# Дали оваа брошура е соодветна за вас?

**Нега во дом за згрижување на постари лица**

Лична и медицинска нега во домови за згрижување на постари лица, ако не можете да живеете самостојно во вашиот дом. Ова исто така вклучува и краткорочна нега (respite) со краток престој во дом за згрижување на постари лица.

За повеќе информации, посетете ја веб-страницата **MyAgedCare.gov.au/Aged-Care-Homes**.

## Основна нега во домашни услови

Постојана или краткорочна нега и услуги за поддршка преку „Програмата на Комонвелтот за поддршка на постари лица во домашни услови“ (Commonwealth Home Support Program - CHSP). Може да добиете помош со домашни работи, лична нега, оброци и подготовка на храна, превоз, пазарување, придружни здравствени услуги, како што се физиотерапија и социјална поддршка. Можете исто така да побарате планирана краткорочна нега (respite), што ќе му овозможи на вашиот негувател да има одмор.

CHSP ќе стане дел од програмата „Поддршка во домашни услови“ (Support at Home) не порано од 1 јули 2027 година. CHSP ќе продолжи за сегашните и новите клиенти со потреби за поддршка од ниско ниво.

## Постојана нега во домашни услови

Програмата Поддршка во домашни услови овозможува пристап до услуги за нега и поддршка, опрема и прилагодување на домот, за да им помогне на постарите лица да останат здрави, активни и социјално поврзани со нивната заедница.

Програмата Поддршка во домашни услови обезбедува повисоко ниво на нега за лицата со сложени потреби на кои им е потребна поголема помош за да останат дома.

## План за нега за обновување на самостојноста

Планот за нега за обновување на самостојноста (Restorative Care Pathway) е краткорочна програма што се фокусира на придружни здравствени услуги/медицинска нега, како дел од програмата Поддршка во домашни услови. Негата за обновување на самостојноста може да ви помогне да останете самостојни подолго време и да ве поддржи во вршењето на активностите што ги сакате.

## План за нега на крајот од животот

Планот за нега на крајот од животот (End-of-Life Pathway) ги поддржува постарите лица кои имаат дијагноза дека ќе живеат три месеци или помалку, а кои сакаат да останат дома. Тој е наменет да обезбеди дополнителна нега во домашни услови како дополнување на услугите достапни преку програмите на државите или територииите за палијативна нега. Овој план е дел од програмата Поддршка во домашни услови.

# Содржина


| | |
|---|---|
| Нега во дом за згрижување на постари лица | **4** |
| Контактирајте со My Aged Care | **7** |
| Направете проценка на потребата од нега за постари лица | **9** |
| Краткорочна нега во дом за згрижување на постари лица (за одмор на негуватели) – краток престој во вакви домови | **12** |
| Постапка за сместување во дом за згрижување на постари лица | **13** |
| 1. Пресметајте ги трошоците | **14** |
| 2. Најдете дом за згрижување на постари лица | **23** |
| 3. Поднесете барање за прием во дом за згрижување на постари лица и прифатете понуда за сместување | **26** |
| 4. Склучете договори со вашиот дом за згрижување на постари лица | **27** |
| 5. Управувајте со вашата нега и услуги | **32** |
| Дополнителна помош | **35** |
| Список за проверка - Пресметајте ги трошоците и најдете дом за згрижување на постари лица | **42** |
| Список за проверка - Склучување договори | **45** |
| Список за проверка - Подгответе се за преселба | **46** |


## Подобрување на системот за нега на постари лица во Австралија

Во последните неколку години, австралиската влада спроведе големи промени во негата на постарите лица, како одговор на Кралската комисија за квалитет и безбедност на негата за постари лица (Royal Commission into Aged Care Quality and Safety). Овие сеопфатни реформи донесоа позитивни промени, зголемувајќи ја транспарентноста и подобрувајќи го квалитетот на негата што им се дава на постарите лица во Австралија.

Висококвалитетната нега и поддршка треба да бидат достапни, без разлика дали ќе одлучите да останете дома или да се преселите во дом за згрижување на постари лица.

*Законот за нега на постари лица од 2024 година* води кон понатамошни подобрувања за постарите лица кои пристапуваат до услуги за нега. Ова вклучува прописи за зајакнување на секторот за нега на постари лица, со цел постарите лица да имаат поголема доверба, контрола и сигурност во услугите за нега што ги добиваат.

# Нега во дом за згрижување на постари лица

Дом за згрижување на постари лица е место за постарите лица кои веќе не можат да живеат самостојно дома и им е потребна постојана помош за секојдневни активности или здравствената заштита.

Живеењето или престојот во дом за згрижување на постари лица е за да се осигура дека ја добивате потребната нега.

Домовите за згрижување на постари лица можат да ви помогнат во врска со:

- секојдневни активности како што се чистење, готвење и перење алишта
- лична нега како што се капење, облекување, дотерување и одење во тоалет
- клиничка нега под надзор на регистрирана медицинска сестра, како што се нега на рани и давање лекови
- социјални активности кои ќе ви помогнат да останете поврзани со вашите пријатели и заедницата
- други услуги на нега.

Сместувањето и негата што се обезбедува во дом за згрижување на постари лица може да се дава на трајна или краткорочна основа. Краткорочна нега во дом за згрижување на постари лица (residential respite care), е услугата што се нуди кога е потребен привремен престој во ваков дом.

Повеќе информации за краткорочната нега во дом за згрижување на постари лица може да најдете на страницата 12 во оваа брошура.



Домовите за згрижување на постари лица се во сопственост и управувани од лица или организации што се регистрирани со австралиската влада за да се грижат за вас. Давателите на услуги за нега во домови за згрижување на постари лица мора да ги исполнуваат стандардите за квалитет на негата, а персоналот мора да биде соодветно обучен и да има важечка потврда за работа со постари лица.

Освен што ги задоволуваат вашите физички потреби, давателите на услуги за нега во домовите за згрижување на постари лица се должни да ги поддржат и вашите духовни и културни потреби и желби. На персоналот во домовите за згрижување на постари лица исто така мора да му се обезбедат обука и надзор, за да може ефикасно да ги извршува своите задачи.

Приватно финансираните опции за домување, како што се пензионерските населби или апартманите за самостоен живот, нудат низа услуги за самостојни постари лица. Тие се регулирани од страна на владите на државите и териториите и не им треба дозвола за работа од австралиската влада.

Овие приватно финансирани служби може исто така да бидат одобрени да обезбедуваат услуги за нега на постари лица финансирани од австралиската влада, како што се услуги од програмата Поддршка во домашни услови. Доколку ги исполнувате условите, вие може да изберете да добивате услуги за нега на постари лица од нив или од друг одобрен давател.

Австралиската влада исто така финансира културно безбедна нега за постари Абориџини и Островјани од Теснецот Торес преку Националната програма за флексибилна нега за постари лица за Абориџини и Островјани од Теснецот Торес (National Aboriginal and Torres Strait Islander Flexible Aged Care - NATSIFAC). Службите на NATSIFAC нудат комбинација на услуги за нега на постари лица во домашни услови, во заедницата и во домови за згрижување на постари лица, за да им помогнат на постарите Абориџини и Островјани од Теснецот Торес да останат блиску до нивниот дом и земјата.



## Услови

Добивањето на услуги за нега на постари лица финансирани од австралиската влада е ограничено на лица со потреби од нега кои се или:

- на возраст од 65 години и постари
- Абориџини или Островјани од Теснецот Торес и на возраст од 50 години или постари
- бездомници или изложени на ризик да станат бездомници и на возраст од 50 години или постари.

## Достапна нега и услуги

Негата и услугите што мора да ви се обезбедат во дом за згрижување на постари лица, доколку ви се потребни, вклучуваат:

- услуги за секојдневен живот, како што се мебел за спалната соба, оброци, основни средства за лична хигиена и социјални активности во домот
- помош за лична нега како што се капење, одржување лична хигиена и помош при јадење
- клинички услуги, како што се помош при земање лекови, медицинска нега и пристап до услуги од здравствени работници.

Доколку имате посебни потреби за нега, може да ви биде обезбедена различна или дополнителна нега и услуги, вклучувајќи:

- специјални материјали за постелнина
- алтернативни диетални оброци и освежителни напитоци
- помагала за движење, како што се рамки за одење и инвалидски колички, но не и моторизирани инвалидски колички, електрични скутери и помагала изработени по нарачка
- приспособени терапевтски услуги како што се логопедска терапија, подијатрија (нега на стапалата) и физиотерапија.

Може да има и други услуги кои не се наведени во оваа листа. За нив може да разговарате со вашиот дом за згрижување на постари лица.

# 1 Контактирајте со My Aged Care

My Aged Care е местото каде што управувате со услуги за нега на постари лица финансирани од австралиската влада. Можете да пристапите до My Aged Care онлајн (преку интернет), по телефон или лично.

Треба да ви направат проценка за да пристапите до услуги за нега на постари лица. Доколку сѐ уште не сте биле проценети, може да поднесете барање за проценка на три начини:

### Онлајн

Онлајн образецот за поднесување барање е брз и лесен за користење. Пред да поднесете барање, исто така може да ја користите алатката за проверка дали ги исполнувате условите.

Посетете ја веб-страницата **MyAgedCare.gov.au/Apply-Online**.

### По телефон

Јавете се во My Aged Care за да разговарате за вашите потреби и да го пополните барањето за проценка преку телефон. Информативниот центар работи од 8 часот наутро до 8 часот навечер во работните денови и од 10 часот наутро до 2 часот попладне во сабота.

Бесплатни повици на **1800 200 422**.

### Лично

За општи информации и поддршка посетете центар за услуги на Services Australia или закажете бесплатен состанок лице в лице преку интернет.

За детална поддршка, може да разговарате и со службеник специјалист за нега на постари лица (Aged Care Specialist Officer), доколку има таков во вашата област, или преку видео разговор.

Посетете ја веб-страницата **ServicesAustralia.gov.au/My-Aged-Care-Face-To-Face-Services**.

Центрите за услуги на Services Australia се отворени во работни денови од 8 часот наутро до 5 часот попладне.

Бесплатни повици на **1800 227 475**.

## Што да очекувате кога ќе поднесете барање

Кога ќе поднесете барање за нега на постари лица, ќе ви поставиме неколку прашања за да видиме дали ги исполнувате условите за проценка. Ако ги исполнувате, ќе треба да наведете некои лични податоци, вклучувајќи го вашиот број на Medicare и информации за контакт. Ако сте Абориџин и Островјанин од Теснецот Торес, ќе може да побарате организација за проценка на Абориџини и Островјани од Теснецот Торес, доколку е достапна.

Во текот на поднесување на барањето, како ваш овластен застапник (registered supporter) може да регистрирате лице по ваш избор - на пример, член на семејството, пријател или негувател. Тоа значи дека тоа лице може да разговара со My Aged Care во ваше име, да ви помогне да донесувате одлуки и да имаат пристап или побараат ваши информации. Промена на вашиот овластен застапник може да побарате во секое време.

Исто така, ќе побараме ваша дозвола да креираме персонализирано досие на клиент. Тоа ќе содржи најнови информации за вашите потреби, резултати од сите проценки и сите услуги што ги добивате. Досието на клиентот ќе ја намали потребата да ја прераскажувате вашата историја.

До вашето досие на клиент може да пристапите преку вашата онлајн сметка на My Aged Care. Оваа сметка е бесплатен и безбеден начин за управување со вашите услуги, претставници и лични податоци. До вашата онлајн сметка може да пристапите така што ќе ја поврзете со вашата myGov сметка.

За повеќе информации посетете ја веб-страницата **MyAgedCare.gov.au/Access-Your-Information-Online**.



# 2 Направете проценка на потребата од нега за постари лица

Воспоставен е нов Единствен систем за проценка (Single Assessment System) заради поедноставување и подобрување на проценките за нега на постари лица. Тој ви олеснува да користите нега на постари лица и различни услуги како што се менуваат вашите потреби.

Единствениот систем за проценка:

- е полесен за користење за вас, вашите овластени застапници, вашето семејство и негувателите
- ограничува колку пати треба да ја раскажете вашата историја
- се прилагодува на вашите променливи потреби, без да треба да го менувате давателот на проценка
- обезбедува пристап до проценки во регионални, рурални и оддалечени области.

Сите организации што вршат проценки на потребите за нега на постари лица сега можат да спроведуваат:

- проценки за домашна поддршка за Програмата на Комонвелтот за поддршка на постари лица во домашни услови
- сеопфатни проценки за програмата Поддршка во домашни услови, краткорочна нега со престој и прием во дом за згрижување на постари лица.

Овие проценки може да се користат и за пристап до Националната програма за флексибилна нега за постари лица за Абориџини и Островјани од Теснецот Торес до Програмата за услуги со повеќекратна намена (Multi-Purpose Services) и Програмата за преодна нега (Transitional Care Program).

Организациите за проценка на потребите од нега за Абориџини и Островјани од Теснецот Торес исто така постепено се воведуваат од 1 јули 2025 година. Овие организации нудат пристап за постарите Абориџини и Островјани од Теснецот Торес до нега за постари лица, кои се културно безбедни, со разбирање за траумите и насочени кон заздравување.

## Како функционира проценката

Откако ќе се регистрирате за проценка кај My Aged Care, локалната организација за проценка ќе контактира со вас во рок од 2 до 6 недели од прифаќањето на вашиот упат.

Службеник за проценка ќе дојде во вашиот дом за да ви направи проценка во закажаното време и на закажаниот датум. Можеби ќе сакате на проценката да присуствува член на семејството, пријател или негувател за да ве поддржува или да зборува во ваше име. Проценките за потребите од нега за постари лица се бесплатни.

Доколку сте постар Абориџинец и Островјанин од Теснецот Торес, можеби ќе сакате да ангажирате работник за поддршка на нега за постари лица од домородните заедници (Elder Care Support) кој ќе ве поддржува при проценката. Службениците за проценка, исто така, можат да ви обезбедат помош од преведувач, доколку тоа ќе ви помогне во вашата проценка.

Доколку не е можно проценката да се направи лично, службеникот за проценка на потребата од нега за постари лица може да закаже проценка преку телефон или видео. Тоа може да се случи ако се наоѓате во оддалечена област, во болница или ако постојат исклучителни околности (на пример, временска непогода).

За време на вашата проценка, службеник ќе ве праша за вашите секојдневни активности, потреби и желби, што можете да правите добро, за што ви треба помош и што сакате да можете да правите.

## Резултат од вашата проценка

По вашата проценка, службеникот за проценка ќе ги достави своите препораки до делегатот - делегат е независно лице вработено од австралиската влада за да донесува одлуки за вашиот пристап до нега за постари лица.

Потоа делегатот ќе донесе формална одлука за вашите потреби за нега. Доколку се оцени дека ги исполнувате условите за прием во дом за згрижување на постари лица, ќе добиете писмо за одобрување и план за поддршка (support plan) од вашиот службеник за проценка на потребата од нега за постари лица, во кој ќе биде наведено која нега е одобрено да ја добивате.

Планот за поддршка ќе вклучува единствен код за упатување (referral code) што ќе му го дадете на вашиот избран давател, ако и кога ќе одлучите да се преселите во дом за згрижување на постари лица. Одлуките за сместување во дом за згрижување на постари лица мора да се донесат со ваша согласност.

Доколку не ви биде одобрен прием во дом за згрижување на постари лица, ќе добиете писмо во кое ќе биде наведено зошто и кого да контактирате за дополнителна помош. Можеби имате право на друга нега и услуги, и доколку е така, тие информации ќе бидат вклучени во вашето писмо.

Доколку не добиете писмо со одобрение, што ја објаснува одлуката за проценка, прво треба да контактирате со вашиот службеник за проценка на потребата од нега за постари лица или да се јавите во My Aged Care на **1800 200 422** и да побарате копија.

Не ви е потребна повторна проценка ако вашите потреби се менуваат со текот на времето и веќе ги користите услугите за нега на постари лица за кои сте биле оценети.

## Жалби во врска со проценка

Доколку не сте задоволни во врска со вашата проценка, обидете се прво да разговарате со вашиот службеник за проценка на потребата од нега за постари лица, бидејќи на тој начин можеби ќе можете да најдете решение.

Организациите за проценка на потребите од нега за постари лица имаат воспоставени процедури за жалби и ќе соработуваат со вас за да ги решат вашите проблеми.

Доколку вие и службеникот за проценка на потребата од нега за постари лица не можете да го решите проблемот или не ви е пријатно да му се обратите директно, контактирајте со My Aged Care бесплатно на **1800 200 422.**



# Краткорочна нега во дом за згрижување на постари лица – краток престој во вакви домови

Ако вашиот негувател/негуватели дома не се во можност да се грижат за вас од некоја причина, можеби ќе можете да престојувате кратко во дом за згрижување на постари лица. Тоа се нарекува „краткорочна нега во дом за згрижување на постари лица (residential respite care)" и може да се побара по претходен договор или во итни случаи.

## Достапна нега

Домот за згрижување на постари лица мора да ви обезбеди ист опсег на нега и услуги што би ги добиле доколку трајно се преселите во домот.

Краткорочна нега во дом за згрижување на постари лица може да користите до 63 дена во секоја финансиска година. Вие или вашиот давател можете да побарате продолжување на овој период во траење од по 21 ден, со тоа што ќе се обратите до вашиот службеник за проценка на потребата од нега за постари лица.

## Пристап до краткорочна нега во дом за згрижување на постари лица

За да добиете краткорочна нега во дом за згрижување на постари лица, потребна ви е проценка. Информации за тоа кои домови нудат ваква нега може да најдете на веб-страницата на My Aged Care. Не сите домови нудат краткорочна нега, па затоа достапноста на услуги се разликува од регион до регион. Ќе треба да се јавите во поединечни домови за да проверите дали имаат слободни места.

Доколку ви е потребна итна краткорочна нега или дополнителна поддршка од негуватели, може да контактирате со Carer Gateway:

- Бесплатни повици на **1800 422 737** во работни денови, од 8 часот наутро до 5 часот попладне.
- Посетете ја веб-страницата **CarerGateway.gov.au** за да дознаете повеќе за услугите за поддршка на негуватели.

Видете ги и цените за краткорочна нега во дом за згрижување на постари лица на страница 14.

## План за сместување во дом за згрижување на постари лица

Откако ќе ви биде направена проценка и ќе добиете писмо со кое ви е одобрено сместување во дом за згрижување на постари лица, преземете ги следните чекори за да влезете во таков дом и да управувате со вашите услуги:

1. **Пресметајте ги трошоците**
2. **Најдете дом за згрижување на постари лица**
3. **Поднесете барање за прием во дом за згрижување на постари лица и прифатете понуда за сместување**
4. **Склучете договори со вашиот дом за згрижување на постари лица**
5. **Управувајте со вашата нега и услуги**

# 1 Пресметајте ги трошоците

Австралиската влада ги субвенционира домовите за згрижување на постари лица за да ги одржи трошоците разумни и прифатливи. Субвенциите, кои се одредуваат според вашите потреби за нега, се исплаќаат директно на домот.

Во просек, владата придонесува околу 119.000 долари годишно за секој постојан станар во дом за згрижување на постари лица. Оваа сума се зголемува секоја година.

Доколку сте во можност, ќе треба да придонесувате за вашите секојдневни трошоци за живот, неклиничка нега и сместување.

За да добиете проценка на вашите цени, придонеси и трошоци за сместување, користете ја алатката за проценка на цени (fee estimator) на веб-страницата на My Aged Care на **MyAgedCare.gov.au/Aged-Care-Home-Fee-Estimator**.

За детална поддршка, може да разговарате и со службеник специјалист за нега на постари лица, доколку има таков во вашата област, или преку видео разговор.

Посетете ја веб-страницата **ServicesAustralia.gov.au/My-Aged-Care-Face-To-Face-Services**.

Бесплатни повици на **1800 227 475** во работни денови од 8 часот наутро до 5 часот попладне.

## Цени, придонеси и трошоци за сместување

Доколку влезете во дом за нега на постари лица од 1 ноември 2025 година, може да важи еден од два различни договори за плаќање на трошоци.

Ако на 12 септември 2024 година сте добивале услуги од „Пакет за поддршка во домашни услови“ (Home Care Package) или ви бил одобрен и сте чекале на таков пакет услуги, ќе плаќате според договорите за трошоци од 1 јули 2014 година. Во спротивно, ќе важат договорите за трошоци од 1 ноември 2025 година.

### Одобрено за Пакет за поддршка во домашни услови (Home Care Package) после 12 септември 2024 година:

- основен дневен надомест
- придонес за сместување и секојдневни услуги
- придонес за неклиничка нега
- надомест за секојдневни услуги од повисок степен.

### Одобрено за Пакет за поддршка во домашни услови (Home Care Package) на или пред 12 септември 2024 година:

- основен дневен надомест
- надомест за нега според проценка на приходи и имот
- надомест за секојдневни услуги од повисок степен.

Покрај овие цени и придонеси, од секој што влегува во дом за згрижување на постари лица може да се побара да плати и дел од трошоците за сместување. Следи список на видови цени.

- **Основен дневен надомест (basic daily fee)**

  Овој надомест ги покрива секојдневните трошоци за живот, како што се оброци, струја и перење алишта. Секој го плаќа овој надомест, а за некои лица тоа е единствениот надомест што треба да го плаќаат.

  Министерството за воени ветерани (DVA) ќе го покрие основниот дневен надомест за поранешни воени заробеници (POW) и добитници на медалот Викториски крст (VC) кои ги исполнуваат условите.

- **Придонес за сместување и секојдневни услуги (hotelling contribution) - договори за трошоци од 1 ноември 2025 година**

  Австралиската влада исплаќа додаток за сместување и секојдневни услуги со цел да го надополни основниот дневен надомест и да ги покрие сите трошоци за секојдневни услуги во домот за згрижување на постари лица, како што се оброци, чистење, перење и комунални услуги. Овој додаток е предмет на проверка на вашите приходи и имот и се индексира во март и септември секоја година. Ако можете да си го дозволите тоа, ќе треба да придонесувате за овие трошоци.

  Поранешните воени заробеници и добитници на медалот Викториски крст кои ги исполнуваат условите се ослободени од плаќање на овој придонес.

- **Придонес за неклиничка нега (non-clinical care contribution) - договори за трошоци од 1 ноември 2025 година**

  Овој придонес ги покрива трошоците за неклиничка нега, како што се капење, помош при движење и активности за исполнет живот. Во зависност од вашата финансиска состојба, ако можете да го платите целиот придонес за сместување и секојдневни услуги, може да биде побарано да платите дел или целиот придонес за неклиничка здравствена нега. Services Australia или DVA ќе ве информираат дали треба да платите придонес за неклиничка нега, а износот ќе се одредува на основа на вашата проценка на приходи и имот. Се применуваат максимални дневни и доживотни износи кои се индексираат во март и септември. Од вас нема повеќе да се бара да го плаќате овој придонес ако го достигнете максималниот доживотен износ или по кумулативен период од 4 години, во зависност од тоа што ќе настапи прво.

  Поранешните воени заробеници и добитници на медалот Викториски крст кои ги исполнуваат условите се ослободени од плаќање придонес за неклиничка нега.

- **Надомест за нега според проценка на приходи и имот (means tested care fee) - договори за трошоци од 1 јули 2014 година**

  Доколку сте со договор за плаќање трошоци од 1 јули 2014 година и вашите приходи и имот се над одреден износ, може да биде побарано да придонесувате за трошоците за вашата нега. Services Australia или Министерството за воени ветерани (DVA) ќе ве информираат дали треба да го плаќате овој надомест, а износот ќе се одредува врз основа на вашата проценка на приходи и имот. За овој надомест се утврдени максимални годишни и доживотни износи, кои се индексираат во март и септември.

  Поранешните воени заробеници и добитници на медалот Викторискиот крст кои ги исполнуваат условите се ослободени од плаќање на надомест за нега според проценка на приходи и имот.

- **Цени за сместување**

  Тоа се цени за вашето сместување во дом за згрижување на постари лица. Каква цена за сместување ќе плаќате зависи од вашата проценка на приходи и имот и ќе биде една од следниве:

  - Надомест за сместување (accommodation payment): ако треба да ја покриете целата цена на сместувањето, ќе ја платите цената на собата што ќе ја договорите со вашиот дом за згрижување на постари лица.
  - Придонес за сместување (accommodation contribution): ако треба да платите дел од трошоците за сместување, ќе плаќате придонес што се одредува врз основа на вашите приходи и имот. Австралиската влада ќе го плати остатокот.
  - Без трошоци за сместување: за некои лица, владата ќе ги плати сите трошоци за сместување.

  Services Australia ќе ве информира што важи за вас.

- **Надомест за секојдневни услуги од повисок степен (Higher Everyday Living Fee)**

  Исто така може да изберете да платите за дополнителни артикли и услуги, кои не се вклучени во негата и услугите што вашиот дом за згрижување на постари лица мора да ги обезбеди. Надоместоците се договараат помеѓу вас и вашиот давател и можат да бидат договорени само откако ќе влезете во домот. Ќе имате 28-дневен период за размислување (‘cooling off period’) во кој можете да го раскинете договорот. Вашиот договор за надоместоци ќе се разгледува еднаш годишно и може да се прекине во секое време со тоа што ќе му дадете на вашиот давател известување 28 дена однапред.

Цените и придонесите се плаќаат за секој ден што го поминувате во дом за згрижување на постари лица. Тие се пресметуваат на дневна основа, но генерално се плаќаат на две недели или месечно на домот за згрижување на постари лица.

За повеќе информации за цените во дом за згрижување на постари лица, посетете ја веб-страницата **MyAgedCare.gov.au/Aged-Care-Home-Costs-and-Fees**.

## Проценка на приходи и имот

Ќе ви биде потребна проценка на приходи и имот за да дознаете дали:

- исполнувате услови за помош од австралиската влада за вашите трошоци за сместување
- треба да плаќате придонес за вашата неклиничка нега, придонес за сместување и секојдневни услуги или надомест за нега врз основа на проверка на приходите и имотот, и колку ќе изнесуваат овие придонеси.

Со проценките на приходи и имот се одредува вашата финансиска состојба и способноста да плаќате за нега на постари лица. Нив ги прави Services Australia, освен за ветераните кои ги исполнуваат условите, чија проценка може да ја направи DVA.

## Можеби ќе треба да ги доставите вашите финансиски податоци

Проценката на приходи и имот вклучува давање информации за вашиот имот и приходи, и одредува колку треба да плаќате за нега на постари лица.

Не секој мора да ги наведе своите финансиски податоци. На пример, ако добивате исплата врз основа на проверка на приходите и имотот од Services Australia или од DVA и не сте сопственик на дом, ќе нема потреба од тоа. Services Australia веќе ќе има доволно информации за вашиот приход и имот за да ја изврши вашата проценка.

Можете да дознаете дали треба да ги доставите вашите финансиски податоци на веб-страницата на Services Australia: **ServicesAustralia.gov.au/AgedCareCostApply** или ако се јавите на Services Australia на 1800 227 475 во работните денови од 8 наутро до 5 часот попладне.

## Како да организирате проценка на приходи и имот

За да дознаете повеќе или да ја направите проценката на приходи и имот:

- јавете се бесплатно на Services Australia
- за да разговарате лично, закажете состанок со службеник специјалист за нега на постари лица во одбрани центри за услуги на Services Australia, доколку има таков во вашата област, или преку видео разговор.

Ако изберете да не ви се проценуваат приходите и имотот, ќе немате право на државна помош околу цената за сместување и нега. Домот за згрижување на постари лица потоа може да ви побара да ја платите максималната цена и надомест за сместување во висина до највисоките цени за соби што ги имаат јавно објавено.

За да ја проверите состојбата на вашата проценка на приходи и имот, контактирајте со Services Australia или DVA.

## Вашите финансиски податоци мора да ви бидат ажурирани

Откако ќе имате проценка на приходите и имотот, треба да ги ажурирате податоците за вашите приходи и имот кај Services Australia или DVA. Законски сте обврзани да пријавите промени во вашите (и на вашиот партнер) лични или финансиски околности во рок од 28 дена. Тоа ќе ви помогне вашите цени за нега на постари лица да останат точни за вашите околности.

Може да најдете информации за тоа како да ги ажурирате вашите податоци на **ServicesAustralia.gov.au/Update-Your-Details-If-You-Get-Help-With-Aged-Care-Cost-Care**.

### Информации за контакт

**Services Australia** – бесплатни повици на **1800 227 475** во работни денови од 8 часот наутро до 5 часот попладне.

**Министерство за воени ветерани** (DVA) – бесплатни повици на **1800 838 372**.

## Писмо за проценка пред прием

Ако ви е направена проценка на приходи и имот пред да се преселите во дом за згрижување на постари лица, ќе добиете писмо со проценка на цените што може да биде побарано да ги плаќате. Известувањето ќе важи 120 дена, освен ако дојде до значителна промена на вашите околности.

Доколку има промена на вашите околности, ќе треба да ги известите Services Australia или DVA. Ако е потребно, Services Australia повторно ќе го издаде писмото за проценка пред прием.

Доколку не треба да ви биде направена проценка на приходи и имот бидејќи Services Australia или ДВА веќе ги имаат вашите финансиски податоци, ќе добиете писмо со известување за цените откако ќе се преселите во вашиот дом за згрижување на постари лица.

Доколку писмото за проценка пред прием ви е потребно пред да се вселите во дом за згрижување на постари лица, може да го побарате така што ќе контактирате со Services Australia на бесплатниот број **1800 227 475** или со DVA на бесплатниот број **1800 838 372**.

Земете го со вас вашето писмо за проценка пред прием заради разговори со потенцијални домови за згрижување на постари лица, за да ви помогне да ги разберете нивните цени.

## Колку ќе плаќате

Откако ќе се преселите во дом за згрижување на постари лица, Services Australia ќе ви испрати писмо вам и на вашиот давател во кое ќе бидат наведени максималните цени што можеби ќе треба да ги плаќате. Тие исто така ќе испратат ново писмо секојпат кога ќе има промена во вашиот придонес за сместување и секојдневни услуги, придонес за неклиничка нега, надомест за нега според проценка на приходите и имотот или придонес за сместување.

Без разлика дали треба да плаќате придонес за вашето сместување или не, секој што се вселува во дом за згрижување на постари лица треба да се договори за цената на собата во писмена форма со својот дом за згрижување на постари лица. Цената на собата со која се согласувате мора да биде вклучена во договорот за сместување (accommodation agreement) што го склучувате со давателот пред да се вселите. Таа нема да биде вклучена во писмата со известување за цени од Services Australia.

Сите домови за згрижување на постари лица кои наплатуваат надомест за сместување се должни да ги објават своите цени за сместување на веб-страницата на My Aged Care во алатката „Најдете давател на услуги“ (Find a provider): **MyAgedCare.gov.au/Find-A-Provider**.

Огласената цена на соба е максималната цена што домот за згрижување на постари лица може да ви побара да ја плаќате. Меѓутоа, можеби ќе можете директно да преговарате за пониска цена со домот за згрижување на постари лица.

## Опции за плаќање на сместувањето

Треба писмено да се договорите за цената на собата со вашиот давател на услуги пред да се вселите во дом за згрижување на постари лица. Со вашата проценка на приходи и имот ќе се утврди дали треба да ја платите договорената цена за собата или да придонесете со помал износ.

Може да изберете да го плаќате вашиот надомест или придонес за сместување како:

- еднократна уплата наречена
  - еднократен депозит за сместување што се враќа (RAD) или
  - придонес за сместување што се враќа (RAC)
- плаќање по принцип на кирија наречен дневен надомест за сместување (DAP) или дневен придонес за сместување (DAC)
- комбинација од еднократна уплата и плаќање на кирија.

Од вас не може да биде побарано да го изберете начинот на плаќање пред да се вселите во дом за нега на постари лица. Можете да изберете да платите еднократна сума во секое време откако ќе се вселите. Додека не платите еднократна сума, ќе треба да плаќате со неповратни дневни уплати.

### Задржувања од RAD и RAC

Од 1 ноември 2025 година, давателите на услуги можат да одземат и задржат мал дел од преостанатиот износ (биланс) на вашиот RAD или RAC, доколку на овој начин одлучите да платите за вашето сместување. Давателот на услуги ќе го пресмета износот што треба да се одбие. Износот ќе се одзема редовно и нема да биде вратен кога ќе го напуштите домот за згрижување на постари лица. После 5 години престој во домот, нема да се одземаат други износи. Тоа е за да бидете заштитени доколку подолго време останете во дом.

Вашиот давател на услуги ќе ве извести дали задржувањата на RAD или RAC важат за вас.

Доколку одберете да платите износ како еднократна сума, остатокот од тој износ ќе ви биде вратен кога ќе заминете од домот, намален за сите применливи одбитоци за RAD или RAC, како и за сите други одбивки за кои сте се согласиле.

### Индексирање на DAP (дневен надомест за сместување)

Плаќањата на DAP може да се индексираат за да се биде во чекор со зголемувањето на трошоците за сместување. Доколку правилата за индексирање на DAP важат за вас, износот на вашиот DAP ќе се зголемува на 20 март и 20 септември секоја година во согласност со промените во индексот на потрошувачки цени (CPI). Ова се истите датуми кога се зголемува старосната пензија. Вашиот давател на услуги ќе ве извести дали правилата за индексирање на DAP важат за вас.

### Комбинирано плаќање

Доколку изберете комбинирано плаќање, може да изберете да ја повлекувате вашата дневна уплата од вашата платена еднократна сума. Вашиот давател може да се согласи да наплатува и други трошоци за нега на постари лица од еднократната сума, како што е основниот дневен надомест. Со текот на времето, тоа ќе ја зголеми вашата дневна уплата, освен ако не го дополните еднократниот износ.

Доколку ви побараат да платите придонес за сместување, Services Australia ќе ве информира за максималниот износ што може да ви биде побаран да го плаќате. Во износот на DAC за кој ќе ве информира Services Australia не се зема предвид дали сте платиле целосен или делумен RAC. Вашиот давател на услуги за нега на постари лица мора повторно да ги пресмета овие износи секој пат кога Services Australia испраќа ново писмо со известување за надоместоци. Тоа ќе ви овозможи да продолжите да плаќате сума соодветна на вашите финансиски околности.

Повеќе информации за цените за сместување се достапни на веб-страницата на My Aged Care: **MyAgedCare.gov.au/Understanding-Aged-Care-Home-Accommodation-Costs**.

## Цени за краткорочна нега во дом за згрижување на постари лица

Ако добивате краткорочна нега во дом за згрижување на постари лица, нема да треба да плаќате придонес за сместување и секојдневни услуги, придонес за неклиничка нега или трошоци за сместување.

Можете да очекувате да платите основен дневен надомест и можеби цена за резервација. DVA може да го плати основниот дневен надомест за ветерани и воени вдовици/вдовци кои ги исполнуваат условите. За проценка, контактирајте со Програмата за услуги на нега во домашни услови за ветерани (Veterans’ Home Care) на бесплатниот број **1300 550 450**.

Цената за резервација е претходна уплата на цените за краткорочна нега во дом за згрижување на постари лица и не може да биде поголема од надоместоците за цела недела или 25% од надоместоците за целиот престој, во зависност од тоа кој износ е помал.

Вашиот давател мора да ви ја врати цената за резервација ако ја откажете резервацијата за краткорочна нега повеќе од 7 дена пред датумот на прием.

Исто така може да изберете да платите за дополнителни артикли и услуги, кои не се вклучени во негата и услугите што вашиот дом за згрижување на постари лица мора да ги обезбеди. За надомест за секојдневни услуги од повисок степен се договарате вие со вашиот давател и тоа може да се направи само откако ќе започнете со престојот во домот за згрижување на постари лица.

Откако ќе ги искористите сите денови за краткорочна нега финансирани од државата, и ако останете во домот, вашиот давател може да ви наплати дополнителен износ. Тоа треба да биде договорено однапред и наведено во вашиот договор за услуги.

## Цени за специјализирни даватели на услуги

Специјализираните програми за нега на постари лица, како што се NATSIFAC или Програмата за услуги со повеќекратна намена, може да ги пресметуваат своите цени поинаку. Проценката на приходи и имот може да не важи за овие програми, затоа треба да разговарате за сите потенцијални цени со вашиот давател.

Повеќе информации за специјализираните даватели на услуги се достапни на веб-страницата на My Aged Care: **MyAgedCare.gov.au/Support-People-Living-Rural-And-Remote-Areas** или **MyAgedCare.gov.au/Support-Aboriginal-And-Torres-Strait-Islander-People**.

## Помош за финансиски тешкотии

Достапна е помош ако имате тешкотии со плаќањето на вашите трошоци за престој, придонеси и трошоци за сместување од причини надвор од ваша контрола. Во зависност од вашата лична ситуација, може да поднесете барање за финансиска помош за вашиот основен дневен надомест, надомест за нега врз основа на проверка на приходите и имотот, придонеси за сместување и секојдневни услуги, придонес за неклиничка нега и/или трошоци на сместување.

За повеќе информации во врска со помошта при финансиски тешкотии, посетете ја веб-страницата **MyAgedCare.gov.au/Financial-Hardship-Assistance** или јавете се на Services Australia на бесплатниот број **1800 227 475**.

## Финансиски информации и советување

Добра идеја е да побарате независен финансиски совет пред да одлучите како ќе ги плаќате услугите за нега на постари лица. Некои начини на плаќање може да влијаат на вашата пензија и на износот на трошоците и надоместоците што ги плаќате за негата. Исто така, ако и вие и вашиот партнер имате потреба од нега на постари лица, начинот на плаќање на едниот може да влијае на трошоците и придонесите на другиот.

За да дознаете повеќе за цените и придонесите за нега на постари лица, јавете се бесплатно на **1800 227 475** за да закажете состанок со службеник специјалист за нега на постари лица во одбрани центри за услуги на Services Australia, ако има таков во вашата област, или со користење на видео разговор.

Можете да добиете основни информации за управувањето со вашите финансии и од Службата за финансиски информации на Services Australia (Services Australia Financial Information Service). Оваа бесплатна услуга може да ви помогне да донесете информирани одлуки за инвестициски и финансиски прашања за вашите сегашни и идни потреби. Посетете ја веб-страницата **ServicesAustralia.gov.au/Financial-Information-Service**.

## 2 Најдете дом за згрижување на постари лица

Кога треба да се одлучите за дом за згрижување на постари лица, важно е да утврдите дали домот може да ги задоволи вашите потреби сега и во иднина. Најдобриот начин да најдете место што ви одговара е да посетите неколку различни домови за да проверите:

- какво е сместувањето
- какви видови нега, услуги и активности нудат
- како најдобро можат да ги задоволат вашите индивидуални потреби
- цени на сместување
- сите дополнителни артикли и услуги што ги нудат како надомест за секојдневни услуги од повисок степен.

Давател на услуги може да најдете:

- користејќи ја алатката „Најдете давател на услуги" на веб-страницата на My Aged Care **MyAgedCare.gov.au/Find-A-Provider** за пребарување и споредување на даватели на услуги
- јавете се на My Aged Care на бесплатниот број **1800 200 422** и побарајте по телефон список на локални домови за згрижување на постари лица или да ви го испратат по пошта
- разговорајте со службеник специјалист за нега на постари лица во одбрани центри за услуги на Services Australia, доколку има таков во вашата област, или преку видео разговор. За да закажете средба, јавете се бесплатно на **1800 227 475** во работни денови од 8 часот наутро до 5 часот попладне.

Оценките со ѕвездички можат да ви помогнат да го споредите квалитетот и безбедноста на домовите за згрижување на постари лица. Сите домови за згрижување на постари лица добиваат вкупна оценка со ѕвездички, како и оценки во четири поткатегории – Искуство на станарите, Усогласеност, Персонал и Мерки за квалитет.

Можете да пребарувате домови врз основа на работи што ви се важни, како што се здравствената поддршка, јазикот и верата. Исто така можете да видите што станарите во домовите за згрижување на постари лица чувствуваат во врска со негата и услугите што ги добиваат, како на пример дали се чувствуваат безбедно или дали им се допаѓа храната.

Оценката со ѕвездички на дом за згрижување на постари лица може да ја видите со користење на алатката „Најдете давател на услуги" на веб-страницата на My Aged Care на **MyAgedCare.gov.au/Find-A-Provider**.

Програмата за поддршка на нега за постари лица од домородните заедници (Elder Care Support Program) може да им помогне на постарите Абориџини и Островјани од Теснецот Торес да се снајдат во системот за нега на постари лица. За да најдете работник за поддршка на нега за постари лица од домородните заедници во ваша близина, посетете ја веб-страницата на My Aged Care на **MyAgedCare.gov.au/Support-Aboriginal-And-Torres-Strait-Islander-People**.

## Запознајте се со даватели на услуги

Пред да посетите дом за згрижување на постари лица, направете список на работите што ви се важни. Можеби ќе сакате да ги земете со себе:

- вашето писмо и кодот за упатување од службеник за проценка на потребата од нега за постари лица, бидејќи некои домови ќе сакаат да видат дали ви е одобрено да добивате нега во дом за згрижување на постари лица и какви услуги ви се потребни
- писмото за проценка пред прием од Services Australia, ако веќе го имате резултатот од проценката на приходи и имот.

При посетата на секој дом, можеби ќе сакате да запишувате што ви се допаѓа, што не ви се допаѓа и дали таму се чувствувате удобно. Вашите впечатоци за персоналот и околината ќе ви помогнат да донесете одлука кој дом е соодветен за вас.

Користете го списокот за проверка на задната страна од оваа брошура за да ви помогне при пребарувањето информации за домови и да се подготвите за негата на постари лица.

### Прашања што можеби ќе сакате да им ги поставите на давателите на нега на постари лица:

- Какви видови услуги за нега се/не се обезбедуваат? За кои услуги ќе треба да платам?
- Можете ли да ми помогнете околу медицинските потреби, како што се земање лекови или нега на рани?
- Можете ли да ги задоволите моите лични потреби? Тие може да вклучуваат јазик и култура, религиозни верувања, сексуалност или родов идентитет, домашни миленици и можност за медицински прегледи.
- Како се организирани оброците? Тоа вклучува работи како што се каде се седи за време на јадење, во кое време се служат оброците, што има на менито, дали може да доаѓаат посетители, дали може да се јаде во соба и дали има можност за специјална исхрана.
- Како ја обезбедувате мојата приватност и безбедност?
- Како се одлучува за социјалните и културните активности? Како ги земате предвид моите интереси?
- Каков превоз можам да користам за посета на продавници, роднини и пријатели или за медицински прегледи? Колку ќе чини тоа?
- Каква обука има персоналот за нега? Дали ќе имам пристап до квалификувани медицински сестри и лица за лична нега за да се задоволат моите потреби од нега? Колкумина вработени обезбедуваат нега преку ноќ?
- Како мојот партнер, семејството и пријателите можат да бидат вклучени во мојата нега? Дали можат да останат преку ноќ доколку е потребно? Што ако сакам да останам кај членови на семејството преку ноќ?

- Можете ли да закажете прегледи и пристап до здравствени услуги? Може ли да продолжам да одам кај мојот семеен доктор и други здравствени работници?
- Какви проверки се спроведуваат за да се обезбеди квалитет на услугите? Какви оценки доби домот при ревизијата за акредитација? Што правите за да го подобрите квалитетот на негата и услугите?
- Дали имате соодветна комбинација од квалификувани медицински сестри и лица за лична нега за да го исполните „бројот на минути на нега во домот“ утврдени од владата?
- На кои области работите заради подобрување и какви резултати сте постигнале? Како ги вклучувате постарите лица, нивните семејства и нивните негуватели во донесувањето одлуки или во подобрувањето на квалитетот?
- Со кого да разговарам за проблеми или жалба? Како се разгледуваат жалбите?



# 3 Поднесете барање за прием во дом за згрижување на постари лица и прифатете понуда за сместување

Кога ќе најдете дом за згрижување на постари лица што ги задоволува вашите потреби, можете да започнете со поднесување на барање за соба. Можете да поднесете барање за прием во колку што сакате домови. Добра идеја е да поднесете барање за прием во неколку домови, бидејќи во домот што го сакате можеби нема слободна соба. Кога ќе се ослободи соба, ќе ве контактираат вас или лицето што сте го овластиле за контакт.

## Пополнете образец за барање за прием

Сите домови за згрижување на постари лица имаат сопствени процеси за поднесување на барање за прием и може да побараат да пополните образец. Разговарајте со домовите што ве интересираат и дознајте каков процес имаат и какви информации им се потребни.

Ќе треба да го дадете единствениот код за упатување што го добивте од вашиот службеник за проценка на потребата од нега за постари лица на вашиот избран давател/избрани даватели на услуги. Тоа ќе им овозможи да го видат вашето досие на клиент и да ги разгледаат вашите потреби од нега за да ви помогнат да бидете примени во дом за згрижување на постари лица.

## Прифатете понуда

Кога ќе се ослободи соба, ќе ве контактираат вас или лицето што сте го овластиле за контакт. Откако ќе прифатите понуда за соба во дом за згрижување на постари лица, домот ќе ви понуди формални договори што опфаќаат работи како што се услуги, трошоци за сместување и вашите права и обврски како корисник на услуги за нега на постари лица финансирани од владата.

Користете го списокот за проверка на крајот од оваа брошура за да се подготвите за вашето преселување. Тоа вклучува организирање на вашите медицински и финансиски работи, како и кого ќе треба да известите за вашата преселба.

# 4 Склучете договор со вашиот дом за згрижување на постари лица

Откако ќе прифатите соба и пред да се вселите, вашиот дом за згрижување на постари лица мора да ви понуди договор за услуги.

Исто така, ќе ви биде понуден договор за сместување со домот пред да се вселите. Тој може да биде вклучен како дел од вашиот договор за услуги или може да биде посебен документ. Договорот за сместување мора да го склучите пред да се вселите.

Договорот за услуги и договорот за сместување се правно обврзувачки документи меѓу вас и вашиот дом за згрижување на постари лица.

Со нив се утврдува:

- која нега и услуги се достапни
- кои цени, придонеси и трошоци за сместување ќе треба да ги плаќате
- како можат да се платат цените, придонесите и трошоците за сместување
- вашите права и одговорности.

Важно е да разберете сѐ во овие договори пред да ги прифатите. Ако имате какви било прашања, треба да ги поставите на вашиот нов дом за згрижување на постари лица. Нивна обврска е да осигурат дека договорите што ви се нудат се јасни.

Предложените договори можеби нема да ги вклучуваат сите работи што сметате дека се важни, па затоа е добра идеја да проверите пред да се согласите. Исто така може да барате:

- дополнителни информации од вашиот давател, како што се за правилата за оброци и посетители на домот, планот за прифаќање и почитување на лица од различни култури и идентитети и други детали за животот во домот.
- од вашето семејство, пријатели, негувател, финансиски советник или правно лице да ви помогне да ги разберете условите во вашите договори.
- за да добиете помош од застапник, јавете се на Мрежата за застапување на постари лица (OPAN) на бесплатниот број **1800 700 600**.

Користете го списокот за проверка на крајот од брошурата за да ви помогне да преговарате за вашите договори со вашиот избран давател на услуги.

## Помош при преговарање за вашите надоместоци, придонеси и трошоци за сместување

Може да побарате од некого да преговара со давателот на услуги за нега на постари лица во ваше име за вашите надоместоци, придонеси и договорена цена на собата.

Пред да се вселите, вие, или лицето што ви помага, ќе треба да разговарате и формално да се согласите за цената на собата, надоместоците и придонесите со вашиот дом за згрижување на постари лица.

## Потпишување на договорите

### Договор за услуги

Во договорот за услуги детално се наведени негата и услугите што ќе ви ги обезбедува домот за згрижување на постари лица, како и сите надоместоци што може да се применат.

### Договор за сместување

Договор за сместување мора да склучите пред да се вселите. Меѓутоа, не мора да избирате како сакате да ги плаќате трошоците за сместување додека не се вселите. Можете да платите еднократен износ за трошоците за сместување (целосно или делумно) во секое време откако ќе се вселите во домот. Мора да го плаќате сместувањето со плаќање по принцип на кирија сè додека не одлучите да платите еднократен износ.

### Договор за секојдневни услуги од повисок степен

Од вас не може да се бара да потпишете договор за секојдневни услуги од повисок степен додека не влезете во дом. Откако ќе го потпишете договорот, имате 28 дена да се предомислите. Вашиот договор мора да ги вклучува артиклите и услугите што ќе ги добиете и нивната цена.

# Вашите законски права и одговорности

Според Законот за нега на постари лица, вашите права се во центарот на вашата нега. Доколку добивате услуги за нега на постари лица, треба да очекувате дека вашите права ќе бидат почитувани и вашите желби исполнети, без разлика дали живеете самостојно во сопствениот дом или во дом за згрижување на постари лица.

## Изјава за права

Новиот Закон за нега на постари лица вклучува Изјава за права (Statement of Rights).

Изјавата за права ги става вашите права во центарот на вашата нега - за да можете да донесувате одлуки за тоа како и каде живеете, да ги добивате информациите и поддршката што ви се потребни, да ги изразувате вашите желби и да се почитуваат вашата култура и идентитет. Исто така, таа гарантира дека оние околу вас, вклучувајќи го вашето семејство и негуватели, не само што ќе ги прифатат, туку и ќе го почитуваат вашиот избор.

Исто така, ќе имате право да изберете кој сакате да ве поддржува при донесувањето на овие одлуки.

За повеќе информации посетете ја веб-страницата **MyAgedCare.gov.au/Know-Your-Rights**.

## Овластени застапници

Можеби ќе сакате или ќе ви треба поддршка од друго лице за да ви помогне да ги донесувате и комуницирате вашите одлуки. Можете да овластите застапници кои ќе ви помогнат да ги разберете информациите и да ги кажете вашите желби, доколку сакате.

Улогата на новите овластени застапници ја заменува улогата на сегашните застапници во My Aged Care и ќе се применува во целиот систем за нега на постари лица. Не треба да правите ништо ако сакате вашите постоечки застапници во My Aged Care да продолжат да делуваат како овластени застапници.

За да ги проверите или ажурирате податоците за вашите застапници, или да се откажете од нивната поддршка, посетете ја веб-страницата на My Aged Care или јавете се бесплатно на **1800 200 422**.

За повеќе информации посетете ја веб-страницата **MyAgedCare.gov.au/Registering-Supporter**.

## Овластување претставник за проценка на приходи и имот

Исто така, можете да назначите лице кое може да се распрашува или да дејствува во ваше име кај Services Australia или Министерството за ветерански работи (DVA) во врска со вашата проценка на приходи и имот.

Претставникот тогаш ќе може да добива информации во врска со вашите надоместоци, придонеси и трошоците за сместување, и да ги ажурира вашите лични податоци со Services Australia или со DVA во ваше име.

За Services Australia, пополнете го формуларот „Овластување на лице или организација да се распрашува или да дејствува во ваше име (SS313)“ (Authorising a person or organisation to enquire or act on your behalf form - SS313): **ServicesAustralia.gov.au/ss313**.

За DVA, пополнете го формуларот „Барање за назначување претставник за нега на постари лица за корисници на DVA (AC019)“ (Aged Care Request for a nominee for DVA customers (AC019) form): **ServicesAustralia.gov.au/ac019**.

## Поднесување жалба во врска со вашата нега на постари лица

Доколку сте загрижени во врска со негата што вие или некој друг ја добивате, важно е да разговарате за тоа. Најнапред, треба да разговарате со вашиот давател на услуги. Според Законот за нега на постари лица, од сите даватели на услуги се бара да имаат систем и процес за управување со жалби.

Доколку изразите загриженост во врска со проблем до вашиот давател на услуги, тој мора да ве сослуша и да одговори брзо и праведно. Ако не го стори тоа, имате право да а се обратите до Комисијата за квалитет и безбедност на негата за постари лица (Aged Care Quality and Safety Commission - Комисијата) без да се плашите од казни.

Комисијата може да ви помогне да го решите вашиот проблем или жалба. Таа исто така може да ви даде информации за тоа како да разговарате директно со вашиот давател на услуги.

Изразувањето загриженост е безбедно и лесно. Можете да изберете да поднесете доверлива или анонимна жалба. Поднесувањето жалба не значи дека сте „проблематични“ – тоа може да помогне во подобрувањето на квалитетот на негата и да им помогне на други луѓе со истиот проблем.

Можете да контактирате со Комисијата на неколку начини:

- Посетете ја веб-страницата: **AgedCareQuality.gov.au/Complaints-Concerns**
- Јавете се бесплатно: **1800 951 822**
- Испратете писмо до: Aged Care Quality and Safety Commission
  GPO Box 9819 [Вашиот главен град] [Вашата држава/територија]

## Застапување, информации и поддршка

Австралиската влада тесно соработува со врвни тела и други групи кои ги претставуваат и се залагаат за потребите на постарите лица, вклучувајќи ги на пример: Советот на старешини за нега на постари лица (Aged Care Council of Elders), Советот за стареење (Council on the Ageing - COTA), Националниот советодавен совет за нега на стари лица (National Aged Care Advisory Council) и Мрежата за застапување на постари лица (Older Persons Advocacy Network - OPAN)

Владата го финансира OPAN за да ја спроведува Националната програма за застапување на негата на стари лица (National Aged Care Advocacy Program). Оваа програма обезбедува бесплатни, доверливи и независни информации и поддршка за постари лица кои бараат или добиваат нега финансирана од владата, како и за нивните семејства или застапници.

Застапниците за нега на постари лица на OPAN можат да ви помогнат:

- да ги разберете и остварите вашите права за нега на постари лица
- да најдете услуги за нега на постари лица што ги задоволуваат вашите потреби и
- да решавате проблеми со вашиот давател на услуги за нега на постари лица финансирана од владата.

Доколку имате прашања или сте загрижени, можете да разговарате со застапник за нега на постари лица со тоа што ќе се јавите на **Линијата за застапување при нега на постари лица (Aged Care Advocacy Line)** на **1800 700 600**. Ќе ве поврзат со организацијата за застапување при нега на постари лица во вашата држава или територија.

Посетете ја веб-страницата **OPAN.org.au**.

Бесплатен повик: **1800 700 600**

# 5 Управувајте со вашата нега и услуги

## Проценка на вашите потреби од нега

Откако ќе се преселите во дом за згрижување на постари лица, вашиот давател ќе организира независен проценител да направи проценка на вашите потреби од нега. За време на вашата проценка, независниот службеник за проценка на потребата од нега за постари лица ќе ви постави неколку прашања за работите што можете или не можете да ги направите сами.

Ова е за да се помогне да се пресмета вашата австралиска национална класификација за нега на стари лица (Australian National Aged Care Classification - AN-ACC). Вашата класификација одредува колку субвенција давателот ќе добие од владата за да ги покрие трошоците за вашата нега.

Доколку вашите потреби од нега се променат, вие или вашиот давател можете да побарате повторна проценка.

## Поддршка и нега

Сите домови за згрижување на постари лица мора да имаат барем една регистрирана медицинска сестра присутна во домот во секое време, 24 часа дневно, секој ден од неделата (може да се применат исклучоци). Со тоа се обезбедува да имате пристап до регистрирана медицинска сестра заради укажување нега и справување со итни случаи.

Покрај тоа, вашиот дом за згрижување на постари лица мора да обезбеди просечно време на нега за сите што живеат во домот. Тоа се нарекува „одговорност за обезбедени минути на нега“ (care minutes responsibility), а негата ја обезбедуваат регистрирани медицински сестри, медицински сестри со вишо медицинско образование, работници за лична нега и асистенти за нега. Минутите на нега влијаат на оценката со ѕвездички на домот за згрижување на постари лица.

Во просек, лицата во сите домови ќе добиваат 215 минути нега секој ден, вклучувајќи најмалку 44 минути од регистрирана медицинска сестра. Домот за згрижување на постари лица е должен секојдневно да ја исполнува оваа цел (‘care minutes target’)за секој станар, пресметана како просек за сите станари заедно. Значи, некои луѓе може да добиваат нега повеќе време, а други може да добиваат помалку, во зависност од нивните лични и клинички потреби на дневна основа.

Не целото време за нега ќе се дава лице в лице. „Минутите на нега“ може да вклучуваат активности, како што се подготвување планови за нега, поврзување со членови на семејството и закажување термини со други здравствени работници.

За повеќе информации за „минути на нега“, посетете ја веб-страницата **Health.gov.au/Resources/Publications/Care-Minutes-In-Aged-Care-Homes**.

## Посета на вашиот доктор, стоматолог или специјалист

Можете да го задржите вашиот доктор, стоматолог или специјалист. Вашиот дом за згрижување на постари лица мора да ви помогне да закажувате прегледи и да посетувате доктори или специјалисти по ваш избор, доколку тоа е потребно. Не мора да му плаќате на домот за закажување на овие прегледи. Сепак, обично ќе треба да ја платите цената за консултација.

Вашиот дом за згрижување на постари лица може да ви помогне да организирате превоз до и од вашите закажани прегледи. Можеби ќе треба да платите за превоз и за членот на персонал кој ќе ве придружува.

## Пристап до услуги од придружното здравство (allied health)

Вашиот дом за згрижување на постари лица мора да ви помогне да добиете пристап до услуги од придружното здравство како што се физиотерапија, подијатрија и логопедска терапија, доколку ви се потребни. Тоа може да биде преку специјална програма за терапија која ќе ви помогне да ја обновите вашата способност или да продолжите самостојно да ги извршувате секојдневните задачи и работи. Ова го подготвува и плаќа домот за згрижување на постари лица.

Доколку ви се потребни посебни прегледи во установи од придружното здравство кои не се дел од вашата програма на терапија, можеби ќе треба да платите за нив.

За вашите потреби треба да разговарате со вашиот дом за згрижување на постари лица.

## Социјални активности

Вашиот дом за згрижување на постари лица ќе организира социјални и други активности. Кажете им за вашите хобија и интереси, за да можат да ви помогнат да продолжите со нив додека сте во домот. Тие исто така би можеле да предложат да пробате други работи.

## Посетители од заедницата

Доколку се чувствувате осамени или социјално изолирани, може да побарате посетител волонтер преку Програмата на Aged Care за посетители волонтери (ACVVS). Посетите се достапни за секој што добива нега во дом за згрижување на постари лица која е субвенционирана од владата или услуги од програмата Поддршка во домашни услови, вклучувајќи ги и примателите на нега одобрени или вклучени во Националниот систем за приоритети (National Priority System).

За повеќе информации, посетете ја страницата **Health.gov.au/ACVVS**.

## Одење на одмор

Ако сакате да одите на одмор или да ги посетите семејството и пријателите, можете да искористите до 52 ноќи социјално отсуство од вашиот дом за згрижување на постари лица во една финансиска година. Сепак, ќе треба да ги платите вообичаените надоместоци, придонеси и трошоци за сместување.

Ако бидете отсутни повеќе од 52 ноќи во една финансиска година, владата ќе престане да исплаќа субвенции и вашиот дом за згрижување на постари лица може да побара да го надоместите износот.

## Престој во болница

Доколку треба да одите во болница, времето поминато надвор од домот нема да се пресмета во вашето социјално отсуство, но сепак ќе треба да ги платите вообичаените надоместоци, придонеси и трошоци за сместување. Надоместоците и придонесите може да се намалат поради продолжен престој во болница.

## Менување на соби

Ако сте задоволни во вашиот дом за згрижување на постари лица, но сакате да ја смените собата, може да го прашате управникот на домот. Таа или тој мора да го разгледа вашето барање, дури и ако не е можно веднаш да ви понуди друга соба.

Ако ја смените собата, можеби ќе треба да го промените договорот за сместување и да преговарате за нова цена за сместување. На пример, ако одлучите да се преселите од заедничка соба во еднокреветна соба.

Во некои околности може да бидете преместени во друга соба без да го барате тоа. Доколку нешто ве загрижува во врска со тоа што ви е побарано да ја смените собата или начинот на кој се спроведува вашето преселување, разговарајте со управникот на вашиот дом за згрижување на постари лица.

# Дополнителна помош

## Поддршка за усно и писмено преведување

**За услуги за усно и писмено преведување**, јавете се на:

Службата за усно и писмено преведување (TIS National) – **131 450**, кажете му го на операторот јазикот што го зборувате и замолете го да се јави во My Aged Care на **1800 200 422**.

**За услуги за преведување за Абориџини и Островјани од Теснецот Торес**, јавете се на:

My Aged Care – на **1800 200 422** и побарајте преведувач.

Погледнете ја листата на достапни јазици: **MyAgedCare.gov.au/Accessible-All**.

**За услуги за преведување на знаковен јазик**, јавете се на:

Deaf Connect – на **1300 773 803** или испратете имејл на **Interpreting@DeafConnect.org.au**.

Контактирајте ги однапред за да се осигурате дека ќе има достапен преведувач.

За повеќе информации, посетете ја веб-страницата **DeafConnect.org.au**.

**Доколку сте глуви, наглуви или имате тешкотии со говорот или комуникацијата, јавете се на:**

Националната служба за посредничка комуникација за лица со оштетен слух или говор (National Relay Service -NRS) со избирање на вашиот претпочитан начин за повик на веб-страницата на NRS. Откако ќе го направите изборот побарајте од NRS да се ават во My Aged Care на **1800 200 422**.

За повеќе информации, посетете ја веб-страницата **AccessHub.gov.au/About-The-NRS**.

## Поддршка за деменција

Австралиската влада очекува сите даватели на нега на постари лица да нудат услуги што ги задоволуваат потребите на лицата со деменција.

- **„Националната програма за поддршка на лица со деменција“ (National Dementia Support Program -NDSP)** обезбедува широк спектар на услуги за поддршка на лицата кои живеат со деменција, нивните семејства, негувателите и претставниците. Услугите се достапни преку телефон, онлајн и лично низ цела Австралија, и вклучуваат информации, подучување, советување, активности за поддршка, менторство и совети од лица со слично искуство.

  Контактирајте ја Националната телефонска линија за помош со деменција (National Dementia Helpline) на Dementia Australia – со бесплатен повик на **1800 100 500**, 24 часа на ден, 7 дена во неделата.

  За повеќе информации, посетете ја веб-страницата **Health.gov.au/NDSP**.

- **Советодавната служба за управување со однесувањето при деменција (Dementia Behaviour Management Advisory Service - DBMAS)** обезбедува индивидуализирана поддршка за луѓе кога симптомите на однесување и психолошките симптоми на деменција влијаат врз негата или квалитетот на животот на лицето. Обучени советници работат на која било локација или во која било средина за да им даваат поддршка на давателите на услуги и поединците кои се грижат за лица кои живеат со деменција.

  Контактирајте ја Австралиската служба за поддршка во врска со деменција (Dementia Support Australia) – со бесплатен повик на **1800 699 799**, 24 часа на ден, 7 дена во неделата.

  За повеќе информации за DBMAS, посетете ја веб-страницата **Health.gov.au/DBMAS**.

  За повеќе информации за поддршка за деменција, посетете ја веб-страницата **MyAgedCare.gov.au/Living-Memory-Loss-Dementia-Or-Depression**.



## Поддршка за лица изложени на ризик од бездомништво или со проблем на прекумерно собирање и чување работи

Поддршка е достапна за лица:

- кои прекумерно собираат и чуваат работи
- кои живеат во запуштени услови
- кои се изложени на ризик од бездомништво
- кои не се во можност да ја добијат потребната поддршка за нега на постари лица.

Поддршката вклучува:

- планирање на нега
- врски до специјалистички услуги за поддршка
- еднократни чистења.

Ако добивате помош преку програмата за наоѓање нега (care finder program) затоа што сте бездомник или сте изложени на ризик од бездомништво, можеби имате право и на услугите од Програма на Комонвелтот за поддршка на постари лица во домашни услови.

Јавете се на My Aged Care – со бесплатен повик на **1800 200 422** или посетете Центар за услуги на Services Australia за помош.



## Поддршка за лица со разновидни потреби

Австралиската влада препознава дека нашето општество е разновидно и дека луѓето имаат различни животни искуства.

Достапни се многу програми и услуги за поддршка на лица со разновидни потреби за да пристапат до потребната помош. Во вашата област можеби постојат специјализирани служби кои се наменети специфично за групи со посебни потреби. Можете да дознаете повеќе преку My Aged Care или со тоа што ќе го прашате вашиот службеник за проценка на потребата од нега за постари лица.

Давателите на услуги треба да ги земат предвид, почитуваат и поддржуваат специфичните и разновидните потреби при обезбедувањето нега и услуги. Ниеден давател на услуги не треба да дискриминира никого, вклучувајќи:

- Абориџини и Островјани од Теснецот Торес, вклучувајќи ги и преживеаните од генерациите на одземени деца (Stolen Generations)
- ветерани или воени вдовици
- лица од различно културно, етничко и јазично потекло
- финансиски или социјално загрозени лица
- лица кои се бездомни или се изложени на ризик од бездомништво
- родители и деца кои се разделени поради присилно посвојување или одземање
- возрасни жртви на институционално сексуално злоупотребување во детството
- лица кои напуштиле институционална грижа (Care Leavers), вклучувајќи ги „Заборавените Австралијци“ (Forgotten Australians) и поранешните деца мигранти сместени во домови за згрижување надвор од домот
- лица кои се лезбејки, геј, бисексуалци, транс/трансродови, интерсексуалци или со друга сексуална ориентација, или се родово или телесно различни
- лица со попреченост или ментални здравствени проблеми
- невродивергентни лица
- глуви, глувослепи, лица со оштетен вид или лица со оштетен слух
- лица кои живеат во рурални, оддалечени или многу оддалечени подрачја.

## Помош преку Програмата за поддршка во негата на постари лица од домородни заедници

Тимот на Програмата за поддршка во негата на постари лица од домородните заедници им помага на постарите Абориџини и Островјани од Теснецот Торес, како и на нивните семејства и негуватели да пристапат до услуги за нега на постари лица за да ги задоволат нивните физички и културни потреби. Оваа програма ја спроведува Националната здравствена организација контролирана од абориџинската заедница (National Aboriginal Community Controlled Health Organisation) преку своите партнерски организации низ целата земја.

За повеќе информации, посетете ја веб-страницата **MyAgedCare.gov.au/Elder-Care-Support-Program**.

## Помош од советник за пристап до нега

Советниците за пристап до нега (care finders) им помагаат на постарите лица на кои им е потребна интензивна помош да пристапат до услуги за нега на постари лица и друга поддршка во заедницата. Оваа услуга е бесплатна за ранливи лица кои немаат никој друг што може да им помогне. Тоа ги вклучува лицата кои:

- имаат тешкотии во комуникацијата поради когнитивни проблеми или проблеми со писменоста
- тешко може да разберат информации
- не сакаат да се обратат за нега за постари лица или владини услуги
- или би биле во небезбедна ситуација ако не добијат услуги.

Посетете ја веб-страницата на My Aged Care за да видите список на советници за пристап до нега во вашата област. За повеќе информации, посетете ја веб-страницата **MyAgedCare.gov.au/Help-Care-Finder**.

## Федерација на советите на етничките заедници во Австралија

Федерацијата на советите на етничките заедници на Австралија (Federation of Ethnic Communities' Councils Australia - FECCA) е национална водечка организација која ги претставува Австралијците од различно културно и јазично потекло. FECCA работи за да обезбеди никој да не биде запоставен поради културни или јазични бариери.

За повеќе информации, посетете ја веб-страницата **FECCA.org.au**.

## Партнери за културно соодветна нега

Партнери за културно соодветна нега (Partners in Culturally Appropriate Care - PICAC) се организации на ниво на држави и територии кои им помагаат на постарите лица од различно културно и јазично потекло и на нивните семејства да донесуваат информирани одлуки за нивните потреби за нега на постари лица.

За повеќе информации, посетете ја веб-страницата **PICACAlliance.org**.

## Ставање крај на злоупотребата и малтретирањето на постарите лица

Злоупотребата на постари лица никогаш не е прифатлива. Злоупотребата може да биде физичка, сексуална, психолошка или емоционална, финансиска или занемарување. Таа предизвикува повреди, вознемиреност и губење на достоинството и почитта. Злоупотребата и малтретирањето на постарите лица преставува прекршување на човековите права.

Доколку сте жртви на злоупотреба или познавате некого кој можеби е жртви на злоупотреба, достапни се помош и поддршка.

Разговарајте со некој на кого му верувате за информации или совети:

- Јавете се бесплатно на 1800ELDERHelp или **1800 353 374**.
- Посетете ја веб-страницата **Compass.info** за да дознаете повеќе.
- Во итна ситуација, јавете се на **000**.

## Поддршка за негувателите

Службата Carer Gateway обезбедува лични, телефонски и онлајн услуги и поддршка на национално ниво, за да му помогне на вашиот негувател во неговата улога на давање нега.

- Јавете се бесплатно на **1800 422 737**, во работните денови помеѓу 8 часот наутро и 5 часот попладне, и изберете ја опцијата 1 за да разговарате со вашиот локален давател на услуги на Carer Gateway.
- Посетете ја веб-страницата **CarerGateway.gov.au** за информации, совети и материјали.
- Посетете ја веб-страницата на My Aged Care на **MyAgedCare.gov.au/For-Carers** за повеќе материјали услуги и групи за поддршка.



# Пресметајте ги трошоците и најдете дом за згрижување на постари лица

Користете го овој список за проверка за да ги пресметате вашите надоместоци, придонеси и трошоци за сместување и за да пронајдете давател кој ги задоволува вашите потреби.

### По вашата проценка

- ☐ Земете писмо со одобрување и план за поддршка од вашиот службеник за проценка на потребата од нега за постари лица

### Проценка на трошоците

- ☐ Проценете ги вашите надоместоци, придонеси и трошоци за сместување со калкулаторот за проценка на цени (fee estimator) за домови за згрижување на постари лица на веб-страницата на My Aged Care: **MyAgedCare.gov.au/Aged-Care-Home-Fee-Estimator**.

### Организирајте финансиска проценка навреме

- ☐ Проверете дали треба да направите проценка на приходи и имот со посета на веб-страницата на Services Australia: **ServicesAustralia.gov.au/How-To-Apply-For-Aged-Care-Calculation-Your-Cost-Care**.
  - Ако примате исплата врз основа на проверката на приходи и имот од Services Australia или DVA и не сте сопственик на вашиот стан или куќа, не треба да направите проценка на приходи и имот.
  - Доколку ви е потребно писмо за проценка пред прием пред да бидете примени во дом за згрижување на постари лица, може да го побарате ако се јавите се на Services Australia на бесплатниот број 1800 227 475 или на DVA на бесплатниот број 1800 838 372.
  - Доколку планирате да барате услуги од давател на NATSIFAC, нема да треба да поднесете барање за проверка на приходите и имотот.
- ☐ Известете ги во Services Australia или DVA доколку има промена во вашата финансиска состојба и тие повторно ќе ви го дадат вашето писмо за проценка пред прием.

**Направете список на домовите за згрижување на постари лица за кои сте заинтересирани**

- ☐ Користете ја алатката „Најдете давател на услуги“ на веб-страницата на My Aged Care **MyAgedCare.gov.au/Find-A-Provider**.
- ☐ Јавете се бесплатно на My Aged Care на **1800 200 422** за да најдете домови за згрижување на постари лица во вашата област.
- ☐ Сретнете се со службеник специјалист за нега на постари лица во одбрани центри за услуги на Services Australia, доколку има таков во вашата област, или преку видео разговор. Јавете се бесплатно на **1800 227 475** за да закажете средба.
- ☐ Користете го калкулаторот за проценка на цени на веб-страницата на My Aged Care за да ги процените вашите надоместоци, придонеси и трошоци за сместување.

**Контактирајте/посетете ги домовите за згрижување на постари лица што сте ги избрале**

- ☐ Земете го вашето писмо за одобрување од вашиот службеник за проценка на потребата од нега за постари лица.
- ☐ Од Services Australia земете го вашето писмо за проценка пред прием.
- ☐ Забелешка: ако сè уште не сте закажале проценка на приходи и имот, потврдете дали треба да го направите тоа со тоа што ќе ја посетите веб-страницата на Services Australia: **ServicesAustralia.gov.au/How-To-Apply-For-Aged-Care-Calculation-Your-Cost-Care** или контактирајте со Services Australia на бесплатниот број **1800 227 475** или со DVA на бесплатниот број **1800 838 372**.
- ☐ Направете список на работи што се важни за вас и на прашања што сакате да ги поставите.
- ☐ Запишувајте белешки за секој дом што го посетувате - на пример, што ви се допаѓа/не ви се допаѓа и впечатоците за персоналот, станарите и околината.
- ☐ Прашајте за цени, придонеси и трошоци за сместување.
- ☐ Прашајте дали нудат дополнителни артикли и услуги за секојдневни услуги од повисок степен и прашајте за нивните цени.
- ☐ Поднесете барање за соба во домот/домовите што ви се допаѓа/ат користејќи го формуларот за барање за прием во домот за згрижување на постари лица.

**Поддршка за снаоѓање во процесот на проценка на приходи и имот**

- Можете да назначите некого да ви помогне во донесувањето одлуки или да дејствува во ваше име додека поминувате низ процесот на финансиска проценка со Services Australia или со DVA.
- Ако веќе добивате исплата врз основа на проверка на приходите и имотот од Services Australia или од DVA, можеби веќе имате назначено некој да ви помогне. Дознајте повеќе за вашите опции на:
  - Services Australia: ServicesAustralia.gov.au/Centrelink-Or-Aged-Care-Representative-To-Act-For-You.
  - DVA: DVA.gov.au/Get-Support/Advocacy-Representation-Advice/What-Representative.
- Овие договори важат само за комуникација со Services Australia и DVA. Може да изберете лице кое ќе ви помага да ги донесувате и соопштувате вашите одлуки за нега во дом за згрижување на постари лица, ако сакате или ви е потребна поддршка. Ова ги вклучува комуникациите со My Aged Care и давателите на нега на постари лица. Овие лица можат да бидат ваши овластени застапници. Вашиот овластен застапник/застапници може да бидат истите како и вашите застапници за Services Australia или DVA, или можат да бидат различни.
- Доколку одлучите да не правите проценка на приходи и имот, пополнете го формуларот „Овластување на лице или организација да се распрашува или да дејствува во ваше име (SS313)" (Authorising a person or organisation to enquire or act on your behalf form - SS313): **ServicesAustralia.gov.au/ss313**.
- Клиентите на DVA треба да го користат формуларот „Барање за назначување претставник за нега на постари лица за корисници на DVA (AC019)" (Aged Care Request for a nominee for DVA customers (AC019) form): **ServicesAustralia.gov.au/ac019**.
- Треба да побарате независен финансиски совет пред да одлучите како ќе ги плаќате вашите цени и трошоци за сместување. Исто така, може да ја контактирате бесплатната Служба за финансиски информации на Services Australia ако се јавите на **132 300** и побарате да ве поврзат со неа.

## Склучување договори

**Проверете дали вашиот договор за услуги ги вклучува:**

- ☐ името на вашиот дом за згрижување на постари лица
- ☐ негата и услугите што ќе ги обезбеди домот
- ☐ правилата и практиките што се користат за утврдување на вашите цени, придонеси и трошоци за сместување
- ☐ дневниот надомест што ќе треба да го платите и цената за нега врз основа на проверка на приходите и имотот, придонесите за сместување и секојдневни услуги и придонесот за неклиничка нега, доколку е применливо
- ☐ правата и одговорностите на станарите и на домот за згрижување на постари лица
- ☐ како домот за згрижување на постари лица постапува со жалби
- ☐ сите околности под кои може да биде побарано да го напуштите домот и како домот за згрижување на постари лица ќе ви помогне да најдете друго место за живеење
- ☐ сите други работи договорени меѓу вас и домот за згрижување на постари лица.

**Проверете дали вашиот договор за сместување ги вклучува:**

- ☐ договорената цена на собата
- ☐ другите услови за вашата уплата или придонес за сместување, вклучително и дали се применува индексирање на DAP
- ☐ околностите за враќање на вашиот еднократен износ ако го напуштите домот или починете, вклучувајќи ги и сите одбитоци што ќе бидат применети на еднократниот износ
- ☐ конкретното сместување што ќе ви биде обезбедено
- ☐ сите услуги што ги покрива вашата цена за сместување
- ☐ условита за промена на соба.

**Проверете дали вашиот договор за секојдневни услуги од повисок степен (доколку е применливо) вклучува:**

- ☐ детали за секоја од конкретните услуги што ќе ви бидат обезбедени
- ☐ услугите од повисок стандард што треба да ги обезбеди вашиот давател
- ☐ надоместоци за секојдневни услуги од повисок степен и колку често ќе се наплатуваат
- ☐ годишно разгледување на договорот.

# Подгответе се за преселба

Откако ќе прифатите соба во дом за згрижување на постари лица, користете го овој список за проверка за да ги известите сите.

**Вашата мрежа за поддршка:**

- ☐ вашето семејство и пријатели, негувател/негуватели и соседи.

**Здравствените лица:**

- ☐ вашиот доктор/GP
  - доколку треба да го смените докторот, побарајте вашата медицинска историја да му биде испратена на вашиот нов доктор
  - запишете ги третманите што ги имате и лековите што ги примате за да разговарате за нив со вашиот дом за згрижување на постари лица
- ☐ другите здравствени лица кои редовно ги посетувате, како што се специјалисти и стоматолог
- ☐ вашата медицинска сестра во заедницата и вашиот аптекар.

**Лицата кои ви помагаат во вашиот дом:**

- ☐ вашиот градинар или лицето кое ја коси тревата
- ☐ вашата чистачка или домашна помошничка
- ☐ службата за испорачување на храна Meals on Wheels и други служби за поддршка
- ☐ вашиот давател на пакет услуги за поддршка во домашни услови.

**Владините оддели и агенции:**

- ☐ Министерство за воени ветерани – со бесплатен повик на **1800 838 372**
- ☐ Services Australia – со бесплатен повик на **1800 227 475**
- ☐ Австралиска даночна служба (Australian Taxation Office) – **132 861**
- ☐ Medicare – **132 011**
- ☐ вашата локална канцеларија на Австралиската изборна комисија (Australian Electoral Commission)
- ☐ вашите локални служби за патишта и превоз – за вашата возачка дозвола
- ☐ вашата локална пошта и општина.

**За финансии и осигурување:**

- ☐ вашиот давател на здравствено осигурување, пензиски фонд, банка, штедно-кредитна задруга (building society) или кредитна унија.

**Други:**

- ☐ компаниите за комунални услуги како што се за телефон, интернет, гас, струја и вода
- ☐ другите домови за нега на постари лица во кои сте поднеле барање за прием, ако повеќе не сакате да се преселите таму; иако можете да изберете да го оставите вашето барање за прием активно ако сѐ уште сте заинтересирани.



# Забелешки

# Забелешки

myagedcare

**MyAgedCare.gov.au**
**1800 200 422**

DT0004860-1025

Сите информации во оваа публикација се точни од 1 ноември 2025 година.